Audit Macedonia LLC
since 1995

# ПОНУДА ЗА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ И КОНСОЛИДИРАНИ ИЗВЕШТАИ ЗА 2017 ГОДИНА



GGi
INDEPENDENT MEMBER

Audit Macedonia LLC
since 1995

До:

Скопје, 26.09.2017 година

РЖ УСЛУГИ АД
УЛ.16-та Македонска Бригада БР.18
1000, СКОПЈЕ

Предмет : Понуда за ревизија на финансиски и консолидирани извештаи за 2017 година

Почитувани,

Задоволство ни е да Ви доставиме понуда за ревизија на финансиски и консолидирани извештаи за 2017 година и да Ви ја докажеме посветеноста на Аудит Македонија ДОО да ги задоволи потребите на Вашата Компанија.

Оваа понуда го презентира нашите разбирања за Вашите потреби и опишува како Аудит Македонија ДОО ќе ги исполни Вашите очекувања со понуда на услуги базирани на вистинската комбинација на локална и интернационална експертиза за разумна цена.

Ќе ни биде чест и задоволство да соработуваме со Вас и со нашите сугестии да помогнеме во остварување на Вашите поставени цели. Ние се надеваме на долгорочна соработка со Вас. Доколку имате било какви прашања или би сакале да дискутираме во врска со понудата, Ве молиме контактирајте не.

Со Почит,

Димитар Андоновски,
Овластен ревизор и Управител на
Аудит Македонија ДОО

Друштво за ревизија
Audit Macedonia LLC
since 1995
АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО СКОПЈЕ

Audit Macedonia LLC
since 1995

**Содржина:**

**ДЕЛ А ТЕХНИЧКА ПОНУДА**

1. **Запознавање со понудувачот**
2. **Начин на извршување на ревизијата**
3. **План на ревизијата**
4. **Список на стручни лица**
5. **Референтни листи**
6. **GENEVA GROUP INTERNATIONAL**
7. **Зошто да го одберете АУДИТ МАКЕДОНИЈА**

**ДЕЛ Б ФИНАНСИСКА ПОНУДА**

## ДЕЛ А ТЕХНИЧКА ПОНУДА

## 1.ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ПОНУДУВАЧОТ

| | |
|---|---|
| Фирма: | Друштво за ревизија **АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО** Скопје |
| Седиште: | ул.„Аминта Трети“ бр.33а/16 |
| Адреса за поштенски пратки: | Поштенски фах 462, 1001 Скопје |
| Број за ДДВ: | МК4030995186625 |
| Лице за контакт: | Димитар Андоновски |
| Телефони за контакт: | +389 2 2463 140<br>+389 75 231 032<br>+389 75 415 512 |
| Факс: | +389 2 2462-063 |
| „e-mail“ | andonovski@auditmacedonia.com.mk<br>audit@auditmacedonia.com.mk |
| „web“ страна | www.auditmacedonia.com.mk |

**АУДИТ МАКЕДОНИЈА Е НЕЗАВИЗЕН ЧЛЕН НА GENEVA GROUP INTERNATIONAL И ЧЛЕН НА ИНСТИТУТОТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ГОРДА ИСТОРИЈА КОЈА ДАТИРА ОД ДАЛЕЧНАТА 1995 ГОДИНА.**

Ние во АУДИТ МАКЕДОНИЈА, сметаме дека треба да очекувате повеќе од вашите ревизори, сметководители и бизнис советници. Енергична компанија која постојано расте, ние продолжуваме да ги подобруваме нашите знаења и вештини во корист на нашите клиенти. Јасно размислување, длабинско разбирање и визија за успех се примарните

цели на АУДИТ МАКЕДОНИЈА.Сите погоре наведени вештини, но и многу повеќе, се испорачуваат преку супериорна услуга, интегритет и посветеност.

Како што бизнис организациите растат и се менуваат, така растат и нашите деловни совети. Нашите клиенти се потпираат на нашите чесни, независни и објективни совети.Ние ова го постигнуваме со тоа што стануваме нивни блиски советници, помагајќи им да ги анализираат и решат проблемите. За секој клиент, ние назначуваме тим кој е високо стручен, искусен и посветен на квалитет.

Друштвото за ревизија АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО од Скопје е основано на 1 Јули 1995 година, како една од првите компании во Република Македонија која нуди услуги во полето на финансискиот консалтинг, ревизија, судски вештачења, сметководство, процени и многу други консалтинг услуги. Ние сме независни членови на Geneva Group International од Женева, Швајцарија, од септември 2016 година. АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО е поранешен член на Baker Tilly International. АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, член на Комората на Проценители на Република Македонија, член на Комора на Вештаци. Основна активност на компанијата е ревизија на финансиски извештаи на средни и големи компании, банки, осигурителни компании, други финансиски институции и компании кои подготвуваат консолидирани финансики извештаи. Освен ревизија, АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО успешно ги извршува следниве активности: бизнис и менаџерски консалтинг, даноци и финансиски консалтинг, консалтинг за подобрување на интерните сметководствени контроли и сметководствениот систем, плати, процени, судски вештачења и други услуги. АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО е компанија која е способна од човечки, технички и организационен аспект да ги извршува навремено сите договорени работи со висок квалитет и професионалност.

## 2. НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РЕВИЗИЈАТА, ЦЕЛ НА РЕВИЗИЈАТА, МЕТОДОЛОГИЈА

Основа за нашата работа во ревизијата на финансиските извештаи се Меѓународните ревизорски стандарди. Посебно внимание во **АУДИТ МАКЕДОНИЈА** се обрнува на следењето на промените во овие стандарди заради што сме тесно поврзани со секторот за едукација во **GENEVA GROUP INTERNATIONAL** кој перманентно не известува за сите новини како во Меѓународните ревизорски стандарди така и во Меѓунардните стандарди за финансиско известување, а наши членови се редовно присутни на семинарите во организација на **GENEVA GROUP INTERNATIONAL** на кои се обработуваат теми од ревизијата и сметководството.

Каде што е потребно ги применуваме и меѓународните ревизорски стандарди INTOSAI на IAASB.

Целта на ревизијата на финансиските извештаи е да издадеме мислење за тие извештаи базирано на нашето испитување, при што посебно ќе го испитаме сметководствениот систем, сметководствените трансакции, ефикасноста на интерните контроли, успешноста на клиентот, состојбата на средствата и обврските

Ревизијата ќе ја водиме чекор по чекор, од запознавање на дејноста на клиентот, преку грижливо планирање, примена на аналитички постапки, проценка на интерните контроли, работа на терен, комплетирање на ревизија и издавање на ревизорски извештај. Тајмнигот на секоја пооделна активност е дадена во делот: план за ревизијата

## 3. ПЛАН НА РЕВИЗИЈАТА

АУДИТ МАКЕДОНИЈА, големо значење му придава на планирањето на ревизијата, бидејќи без соодветно планирање нема да бидеме во можжност да одговориме на поставените цели и задачи.

Процесот на планирање се прилагодува пооделно за секој клиент а вообичаено одделни процеси на ревизијата се во следниве рамки:

**1 фаза :Работа во канцеларија (планирање)**

- запознавање со дејноста на клиентот
- проучување на потребни прописи, интерни акти и правилници
- аналитички постапки
- идентификување на ризици
- оперативен план
- избор на ревизорски тим

**2. фаза: Работа на терен**

- подделба на оперативниот план по пооделни позиции
- набљудување: работа на сметководствениот систем, системот на интерна контрола
- целосно спроведување на оперативниот план
- оценка на информативниот систем
- анализа на финансиските трансакции
- обезбедување документација за сите тврдења во финансиските извештаи
- извештај од спроведените постапки до раководителот на проектот
- состанок со менаџментот

**3. фаза : Комплетирање на ревизијата**

- анализа на прибраниот материјал и споредување со планираната значајност
- евентуално повторна обработка на документација на терен
- проверка дали се спроведени сите планирани постапки
- извештај од спроведените ревизорски постапки

**4. фаза Издавање на ревизорски извештај**

- состанок на партнерите на кои се дискутира околу мислењето за финансиските извештаи
- издавање на нацрт ревизорски извештај и доставување до клиентот
- разгледување за забелешките по нацрт ревизорскиот извештај.
- Издавање конечен ревизорски извештај

## 4. СПИСОК НА СТУЧНИ ЛИЦА НА АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО

1. **ДИМИТАР АНДОНОВСКИ**, овластен ревизор, партнер и управител на **АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО**.Тој дипломирал на Економскиот Факултетот при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" – Скопје во 1974 година. Тој е овластен ревизор со лиценца број 56 издадена од СУНР; овластен вештак во полето на материјално сметководство и финансиски операции со лиценца број 07-2521 издадена од Министерство за Правда; овластен проценител во полето на капитал на компании и побарување и обврски, член на Институтот на Овластени ревизори на Република Македонија. Има работно искуство повеќе од 30 години, од кој 25 години во полето на ревизијата, финансиски и сметководствен консалтинг и судски вештачења. Тој исто така е член Комисијата за Етика при ИОРРМ. Тој бил лидер на ревизорскиот тим на ревизии на големи компании како: Силекс АД Кратово, Тиквеш АД Кавадарци, РЖ Услуги АД Скопје, Агенција за електронски комуникации, Електроелемент ДОО Скопје, Евроинс Осигурување АД Скопје, ЈП Македонски Железници, Електрани на Македонија АД и многу други.

2. **БРАНКО КОСТОВОСКИ**, овластен ревизор со лиценца број 118 издадена од СУНР, дипломирал на Економскиот Факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј"– Скопје. Тој има 25 годишно искуство како автор на семинари и материјали за професионална обука и образование во полето на финансиско известување и даноци. Во овој период тој има одржано преку 100 семинари и обуки. До денес, преку 10.000 професионалци присуствувале на тие семинари и обуки. Во 2001 година, тој го положи испитот за конверзија на Македонските сметководствени стандарди во МСФИ, организирани преку проектот на USAID за сметководствени реформи, за која има добиено и лиценца издадена од KPMG Consulting LLC. Бранко Костовски е магистер на економски науки во полето на Статистички методи во Бизнис и Економија, која титула ја има добиено

во 2009 година на меѓународните постдипломски студии – Статистички методи за бизнис и економија (СМБЕ). Овие студии беа организирани од Економскиот Факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј"– Скопје, Универзитетот во Рим III (Италија) and Карлос III Универзитетот во Мадрид (Шпанија).Студиите се одржуваа на англиски јазик и беа финансирани од Европската Комисија преку проектот TEMPUS CD JEP 40015-2005.Тој е член на Институтот на Овластени ревизори на Република Македонија.

3. Дипл.екк. **ЕЛЕНА АДАМОВА,** ревизор

Дипломирала на Економскиот Факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј"– Скопје. Таа е овластен сметководител, овластен проценител во полето на машини и опрема, член на Комората на проценувачи на Република Македонија. Има работно искуство од 10 години во полето на ревизијата, финансиски и сметководствен консалтинг и проценки. Таа била дел од ревизорските тимови на ревизии на големи компании како: Силекс АД Кратово, РЖ Услуги АД Скопје, Електроелемент ДОО Скопје, Евроинс Осигурување АД Скопје, ЈП Македонски Железници, Електрани на Македонија АД и други.

4. Дипл.екк. **КИРИЛ АНДОНОВСКИ**, ревизор

Дипломирал на Економскиот Факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј"– Скопје. Тој е овластен сметководител, овластен проценител во полето на недвижен имот и подвижен имот, член на Комората на проценувачи на Република Македонија. Има работно искуство од 11 години во полето на ревизијата, финансиски и сметководствен консалтинг и проценки. Тој бил дел од ревозорските тимови на ревизии на големи компании како: Силекс АД Кратово, РЖ Услуги АД Скопје, Електроелемент ДОО Скопје, Евроинс Осигурување АД Скопје, ЈП Македонски Железници, Електрани на Македонија АД и други.

5. Дипл.екк. **МАЈА ИВАНОВСКА,** асистент ревизор,

Таа е овластен сметководител. Има работно искуство од 8 години во полето на ревизијата, финансиски и сметководствен консалтинг. Таа била дел од ревизорските тимови на ревизии на големи компании како: Силекс АД Кратово, РЖ Услуги АД Скопје, ЈП Македонски Железници и други.

6. Дипл.екк. **ТИНА МАЛЕВСКА,** асистент ревизор,

Дипломирала на Економскиот Факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј"– Скопје. Таа е овластен сметководител. Има работно искуство од 5 години во полето на ревизијата, финансиски и сметководствен консалтинг. Таа била дел од ревизорските тимови на ревизии на големи компании како: Силекс АД Кратово, РЖ Услуги АД Скопје, ЈП Македонски Железници и други.

7. Дипл.екк. **МАРИЈА РИСТЕСКА,** асистент ревизор,

Дипломирала на Економскиот Факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј"– Скопје. Таа е сметководител. Има работно искуство од 2 години во полето на сметководството.

## 5.РЕФЕРЕНТНА ЛИСТА

| РЕВИЗИЈА | СМЕТКОВОДСТВО |
|---|---|
| СИЛЕКС АД КРАТОВО | АСТРА ЗЕНЕКА УК - консалтинг услуги и изработка на плати |
| ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА | БРИТАНСКА АМБАСАДА - изработка на плати |
| МИРКАТ ДООЕЛ | ОСРАМ ГЕРМАНИЈА - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ | ТВ СИТЕЛ - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| МАГРОНИ ДОО | ИБМ - ИЗРАБОТКА НА ПЛАТИ |
| ВАРДАР ДОЛОМИТ ДООЕЛ | АЛКАТЕЛ ЛУЦЕНТ РОМАНИЈА - консалтинг услуги и изработка на плати |
| ПРИНЦЕСС ХОТЕЛ И КАЗИНО ДОО | ЕЗПАДА ЧЕШКА - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| ПРИНЦЕСС ГРОУП ДОО | ОНИСКОП СЛОВЕНИЈА - сметководствени услуги |
| РЖ УСЛУГИ АД | СКЕБЕРИС ПЛАСТИКС ГРЦИЈА - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| ЕЛЕКТРОЛЕМЕНТ ДОО | СПАНОС ИНДУСТРИС ГРЦИЈА - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| ЕЛЕКТРОМЕТАЛ ДОО | МАРКО ПОЛО ФУДС АВСТРАЛИЈА - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| КИА МОТОРС МАЦЕДОНИЈА ДООЕЛ | ГЕОПС БУГАРИЈА - сметководствени услуги |
| ЦЕНТРОУНИОН ДОО | ИНТЕРКОРП СКОПЈЕ - сметководствени услуги |
| АЛЕКСПРОМ ДОО | ГО ФОР ТАРГЕТ - сметководствени услуги |
| АЛПИНЕ ВИБЕ подружница Скопје | СТЕМСОФТ СОЛУТИОНС - сметководствени услуги |
| ГАМА ЃУЧ СИСТЕМЛАРИ - подружница Скопје | ПЕВЕЦ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ХРВАТСКА - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| КОЛА ДОО | ДИГИТАЛ ЦЕНТАР СКОПЈЕ - сметководствени услуги |
| ТОТАЛ ПЛУС ЛОГИСТИК ДОО | АДВОКАТСКО ДРУШТВО ДДК СКОПЈЕ - сметководствени услуги |
| ГД ТИКВЕШ АД | СЦ НЕТ МАКЕДОНИЈА - сметководствени услуги |
| ПРОМЕДИКА ДООЕЛ | ФК РАБОТНИЧКИ АД - сметководствени услуги |
| ЕЛБИЈОР ДООЕЛ | САХАРА ГЛОБАЛ ИНДИЈА - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| МИН-ЕКС ДООЕЛ | ЕНЕРЦИ СЕРВИСИС СКОПЈЕ - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| ДЕ ИНТЕРНАЦИОНАЛ | ВОКС ТЕНЕО МАКЕДОНИЈА - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД | МЕЛОН ТЕХНОЛОГИЕС БУГАРИЈА - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| ЦЕРТУС АД | ПИЦКАТАЛЕ НОРВЕШКА - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| ФРИКОМ ДООЕЛ | АМБАСАДА НА ДРЖАВА КАТАР - изработка на плати |
| СЕЕУ ТЕТОВО | ПРОГРАФИКА СКОПЈЕ - сметководствени услуги |
| ПАКОМАК ДОО | СЕНСКО МИКРО ХРВАТСКА - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| КРОНОМАК ДООЕЛ | ФЕЛПС ДОЏ ВАРДАР АМЕРИКА - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| КРАШКОМЕРЦ | ЕУРОМАКС КАНАДА - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| НОЕЛ ДООЕЛ | РЕЗЕРВОАР МИНЕРАЛС КАНАДА - сметководствени услуги и месечни извештаи |
| РИМЕКО ДОО | ВЕПАК СКОПЈЕ - сметководствени услуги |
| 6 ПМ НЕАРСХОРЕ | СОЛАР СПЕКТАР АГ СКОПЈЕ - сметководствени услуги |

## 6. GENEVA GROUP INTERNATIONAL

### GGI – вашата врата кон глобалниот пазар

Како членови на GGI, една од топ десетте меѓународни сметководствени, консалтинг и правни алијанси на компании, ние можеме да ви ги дадеме најдобрите можни совети на светско ниво. Преку GGI ние имаме пристап до експерти насекаде во светот кои можат да дадат совети за локалните регулативи, усогласеност и стратегии за освојување на пазарот. Преку нашето членство во GGI ние имаме пристап до висококвалитетни компании во скоро секој голем конансиски и комерцијален центар низ светот. Овој забележителен квалитет е применлив без разлика дали сте во потрага по можности за бизнис надвор од националните граници или ви е потребна меѓународна поддршка како додаток на услугите на домешниот пазарот. Ние сме тука да ви помогнеме и да го поддржиме вашиот успех секаде онаму кадешто вашиот бизнис Ве води. За повеќе информации посетете нè на интернет страната www.ggi.com.

GGi | A GLOBAL ALLIANCE OF INDEPENDENT PROFESSIONAL FIRMS

### БРЗИ ПОДАТОЦИ

Основана: 1995;
Приходи: $5,056 bn;
Рангирана 6-та во светот;
Има 540 членови
во 120 земји
во 740 канцеларии
26.000 вработени

## 7. ЗОШТО ДА ГО ОДБЕРЕТЕ АУДИТ МАКЕДОНИЈА

- ✓ 22 годишна традиција од областа на ревизијата, сметководството и други поврзани услуги
- ✓ Акумулирано искуство на ревизорскиот тим
- ✓ Висока професионалност во исполнување на договорните
- ✓ обврски
- ✓ Цените се екивалент на квалитетот на завршената работа
- ✓ Не работиме под притисок и дикатати
- ✓ Настојуваме нашите клиенти да имаат бенефит од извршените услуги, а не само да се задоволат законските или договорни обврски за ревизија
- ✓ Даваме насоки за подобрување на успешноста и ефикасноста на работењето на нашите клиенти.

Доколку го одбравте **АУДИТ МАКЕДОНИЈА направивте одличен избор**. Доколку не, ќе настојуваме во друга прилика да ја добиеме Вашата доверба.



## ДЕЛ Б

## ФИНАНСИСКА ПОНУДА

- Ревизија на Финансиските Извештаи на **РЖ УСЛУГИ АД** - Скопје
  - за 2017 година ќе ја извршиме за износ од **120.000,00** денари (без вкалкулиран ДДВ).
- Ревизија на финансиски извештаи на подружницата и ревизија на консолидирани Финансиски Извештаи на **РЖ УСЛУГИ АД** - Скопје
  - за 2017 година ќе ја извршиме за износ од **90.000,00** денари (без вкалкулиран ДДВ).

Се вкупно: **210.000,00** денари (без вкалкулиран ДДВ).

- Начин на плаќање:
  - 100% - 20 дена по доставување на Нацрт Ревизорскиот Извештај по доставена фактура од наша страна.
- Рок на изработка на ревизијата
  - Рокот на изработка на ревизорскиот извештај ќе биде усогласен според вашите поставени рокови и барања.